МЕЃУНАРОДЕН ЦЕНТАР ЗА СЛАВЈАНСКА ПРОСВЕТА - СВЕТИ НИКОЛЕ

# «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД»
(ПСИХОЛОГИЈА И ОБРАЗОВАНИЕ)

# СПИСАНИЕ
**на научни трудови**

**ДВАНАЕСЕТТА МЕЃУНАРОДНА**
**НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА**
**„МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД“**
МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ - БИТОЛА

***Година VIII*** ***Број 3*** ***Април 2021***

- СВЕТИ НИКОЛЕ, Р. СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА -
- 2021 -

**Издавач:** Меѓународен центар за славјанска просвета - Свети Николе

**За издавачот:** м-р Михаела Ѓорчева, директор

**Наслов:** «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД» (ПСИХОЛОГИЈА И ОБРАЗОВАНИЕ)

**Организационен одбор:**

Претседател: проф. д-р Јордан Ѓорчев
Заменик претседател: д-р Стромов Владимир Јуревич, Русија
Член: м-р Борче Серафимовски
Член: м-р Милена Спасовска

**Уредувачки одбор:**

Проф. д-р Ленче Петреска - Република Северна Македонија
Проф. д-р Александар Илиевски - Република Северна Македонија
Проф. д-р Мирослав Крстиќ - Република Србија
Проф. д-р Момчило Симоновиќ - Република Србија
Проф. д-р Тодор Галунов - Република Бугарија
Проф. д-р Даниела Тасевска - Република Бугарија
Доц. д-р Хаџиб Салкиќ - Република Босна и Херцеговина
Проф. д-р Татјана Осадчаја - Руска Федерација
Доц. д-р Вера Шунаева - Руска Федерација

**Уредник:** проф. д-р Јордан Ѓорчев

**Компјутерска обработка и дизајн:** Адриано Панајотов, Маја Маријана Панајотова, Благој Митев

**ISSN (принт)** 1857-9299
**ISSN (онлајн)** 1857-9302

**Адреса на комисијата:** ул. Маршал Тито 77, Свети Николе, Р. Сверна Македонија

**Контакт телефон:** +389 (0)32 440 330

**Уредувачкиот одбор им се заблагодарува на сите учесници за соработката!**

**Напомена:**

Уредувачкиот одбор на списанието «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК-ЗАПАД» не одговара за можните повреди на авторските права на научните трудови објавени во списанието. Целосната одговорност за оригиналноста, автентичноста и лекторирањето на научните трудови објавени во списанието е на самите автори на трудовите.

Секој научен труд пред објавувањето во списанието «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК-ЗАПАД» е рецензиран од двајца анонимни рецензенти од соодветната научна област.

**Печати:** Книжарница и печатница „Славјански", Свети Николе

**Тираж:** 100

Година 8, Број 3, Април 2021, Свети Николе, Република Северна Македонија

МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ

# ИСТОК - ЗАПАД

ПСИХОЛОГИЈА И ОБРАЗОВАНИЕ

159.923:7.071

**Маријана Софронијоска Тинтар**
**Јелена Цветковска**
**Гордана Кирацовска**
Институт за психологија, Филозофски факултет – Скопје
Универзитет „Св. Кирил и Методиј"
Р. Северна Македонија

# ЦРТИ НА ЛИЧНОСТА КАЈ УМЕТНИЦИ И ЛИЦА КОИ НЕ СЕ ЗАНИМАВААТ СО УМЕТНОСТ

**АПСТРАКТ:** Истражувањето има за цел утврдување на индивидуалните разлики на личносните црти како детерминанти на уметничките тенденции, интереси, знаења и проценка, кои најдобро ја илустрираат уметничката личност. Спроведено е врз пригоден примерок од 100 испитаници, од кои едната половина се уметници, додека другата не. Наодите од тестирање на меѓусебните разлики во однос на петте личности црти, сугерираат дека помеѓу нив е пронајдена статистички значајна разлика во однос на екстравертноста и отвореноста кон искуства во прилог на уметниците, додека во однос на останатите црти не се пронајдени статистички значајни разлики.

**КЛУЧНИ ЗБОРОВИ:** Црти на личност, уметници, не-уметници

# PERSONALITY TRAITS IN ARTISTS AND NON–ARTISTS

**ABSTRACT:** The research aims to determine the individual differences in personality traits as determinants of artistic tendencies, interests, knowledge and assessment, which best illustrate the artistic personality. It was conducted on a convenient sample of 100 respondents, one half of whom are artists, while the other is not. The findings from testing the differences between the five personality traits suggest that a statistically significant difference was found between them in terms of extraversion and openness to experiences in favor of the artists, while no statistically significant differences were found in relation to the other traits.

**KEYWORDS:** Personality traits, artists, non-artists

## ЦРТИ НА ЛИЧНОСТ

Персонологијата е интегративна гранка во областа на психологијата која овозможува разбирање на личноста во целост и која е основа на успешното работење со и за луѓе. Во денешното време спознанието за човекот е поголемо од било кога. Меѓутоа, сосем е јасно: човекот е најсложено и најтаинствено суштество.

Дистинктивната одлика на човекот е личноста. Тоа е всушност она што е најважно кај човекот, а воедно претставува негов управувачки дел. Личноста често е определена како средишен дел на менталноста поврзан со општеството и околината (Јанаков, 2018).

Според Г. Олпорт (Allport, 1937; Olport, 1967, според Јанаков, 2018) личноста е динамична организација на индивидуата која го определува нејзиното поведение и мислење. Личноста и нејзиното оценување се тесно поврзани со јазикот (Pervin & John, 1999). Сите јазици и култури имаат зборови кои опишуваат карактеристики

на личноста, индивидуалнин разлики кои обично се однесуваат на стилови на мислење, однесување или чувствување (Dixon, 1977).

Факторите на личноста се централни во формирањето на сржта на личноста, но тие не ги опфаќаат само индивидуалните разлики на тие фактори, туку опфаќаат и други психолошки механизми и процеси од самата позадина на тие фактори (Funder, 1997). Цртите на личноста ги рефлектираат карактеристичните обрасци на мислите, чувствата и однесувањето на луѓето, кои подразбираат конзистентност и стабилност. Така, оној дел од психологијата кој се занимава со проучување на личносните црти се потпира на идејата дека луѓето се разликуваат едни од други во однос на основните личносни димензии кои опстојуваат со текот на времето и низ различни ситуации.

Истражувачите сеуште дебатираат околу тоа колку фактори се доволни да ја опишат една личност, но најшироко прифатен модел на личносните црти е моделот на петте фактори кој ќе биде презентиран во продолжение.

Невротицизмот е димензија на личноста која всушност претставува континуум од емоционална стабилност до емоционална нестабилност. Луѓето со ниско ниво на невротицизам се слабо прилагодени во средината и имаат ниско ниво на самодоверба (Haslam, 2007). Спротивно на тоа, оние со високо ниво на невротицизам покажуваат смиреност и подобро справување со стресни ситуации. Важно е да се напомене дека невротицизмот се однесува на нормална личност (Costa & McCrae, 1992).

Екстравертноста претставува фактор кој во себе вклучува друштвеност. Но, екстравертноста вклучува многу повеќе од друштвеност, содржи одредено ниво на енергија и активност, потрага по возбуда и тенденција кон позитивни искуства (Haslam, 2007).

Отвореност кон искуства е доменот кој опфаќа имагинација, естетика, интелектуална љубопитност и ценење на убавината и уметноста. Луѓето кои имаат низок скор на оваа димензија се склони кон социјална конзервативност, но сепак не треба да се сметаат за диктатори (Costa & McCrae, 1992).

Соработливоста вклучува кооперативност и задоволство во одржувањето интерперсонални релации. Тоа е црта со два екстрема, од сочувство до антагонизам. Индивидуи со низок скор на оваа скала се иритирачки, себични, промислени и непријателски настроени. Додека пак, оние со висок скор на овој фактор се дарежливи и покорни, генерално карактеризирани како „луѓе од доверба" (Haslam, 2007).

Совесноста помеѓу јавноста е позната како „карактер" (Haslam, 2007). Но, оваа личносна димензија всушност означува: самодисциплина, тежнеење кон успех, ред, компетентност (Серафимовска и Марковиќ, 2013). Според Коста и МекКре лицата со низок скор на оваа димензија се склони кон хедонизам и ниски морални вредности.

## УМЕТНОСТ

За прашањето околу уметноста се дискутирало уште од дамнешно време. Таа била предмет на дискусија на многу филозофи, психолози и разни истражувачи кои се обидувале да дадат соодветна дефиниција за тоа што се подразбира под поимот уметност. Понекогаш тие дискусии биле теоретски, некогаш статистички, но понекогаш и хумористични.

Уметноста е човечка активност или производ што има за цел да ги стимулира човечките сетила, како и човечкиот ум и дух. Уметноста е активност создадена со намера да пренесе одредени емоции и идеи. Дефинирањето на границите на уметноста е субјективен чин, а потребата за уметност обично се нарекува човечка креативност.

Едно е сигурно, уметноста е второто име на креативноста. Според Стернберг (Sternberg, 2006) креативноста бара инвестирање на шест различни, но меѓусебно поврзани ресурси: интелектуални способности, знаење, стилови на мислење, личносни димензии, мотивација и околина. Секое ниво на овие ресурси е извор на индивидуални разлики. Сите форми на уметничко изразување во суштина претставуваат помалку церебрална т.е. когнитивна, а повеќе афективна ментална содржина (Cook, 1959, според Kemp, 1996, според Михајловски, 2010). Но, друга важна детерминанта на индивидуалните разлики во уметничките преференции е стручниот интерес, притоа од особено значење е дали некој се гледа себеси повеќе како научник или уметник (Chamorro-Premuzic, Reimers, Hsu & Ahmetoglu, 2008). Поинаку кажано, креативноста е ценет ресурс.

Уметноста е дел од секојдневниот живот, но нејзината важност покажува интериндивидуални варијации: некои индивидуи не преферираат галерии, додека на другите едноставно тоа им претставува задоволство. Сепак, психолозите ретко ги истражуваат овие индивидуални разлики. Тука се проценува улогата на воспоставените фактори на личност како детерминанти на уметничките склоности, интереси, знаење и проценка.

Кои црти на личност се потребни за една личност да се нарече „уметничка"? Иако уметноста отсекогаш играла фундаментална улога во човечкото општество, психолозите во голема мера го игнорирале прашањето зошто некои индивидуи се позаинтересирани за уметноста од другите, факт што се манифестира уште од најрана возраст. Оттаму, во фокусот на ова истражување се можните фактори на индивидуални разлики што најдобро можат да ја опишат - и до одреден степен да ја објаснат - уметничката личност.

**РЕЛЕВАНТНИ ИСТРАЖУВАЊА**

Голем број иницијални студии во кои се споредуваат уметниците, обично дефинирани според нивните креативни карактеристики на личноста, со лица кои не се занимаваат со уметност, откриваат дека уметниците имаат екстраординарни стилови на размислување и различни начини на перцепција на реалноста; тие исто така, имаат подоминантни, авантуристички и боемски личносни карактеристики (Eiduson, 1957; Drevdahl & Cattell, 1958).

Дута Рој (1996) врши компарација на уметниците со не-уметници користејќи го тестот на Кател за 16 персонални фактори и добиените наоди сведочат дека уметниците се повеќе интровертни, независни и пријателски настроени од другите. Feist (1998), во сеопфатна мета-аналитичка студија ги споредил уметниците со не-уметниците и објавил дека уметниците се: поотворени за нови искуства, помалку конвенционални, посамоуверени, помотивирани и амбициозни, доминантни, импулсивни.

Истражувачката литература, насочена кон уметнички личности, има тенденција да изразува некои специфични карактеристики што ги опишуваат личносните карактеристики на индивидуи од областа на музиката и визуелните уметности. Кемп (1996) ги споредил особините на личноста на студенти по музика,

професионални музичари и лица кои не се занимаваат со музика и утврдил дека музичарите се поинтровертни. Дајс и О'Конор (1994) споредиле рок и кантри музичари со слична група врз примерок составен од универзитетски студенти од машки пол и објавиле дека музичарите се поарогантни, подоминантни, екстравертни, отворени за искуства и повеќе невротични отколку оние кои не се занимаваат со музика. Авторите истакнуваат дека невротичноста може да биде неопходна во некои музички настапи, оттаму оваа одлика има тенденција да ги зголеми емотивните и драматичните аспекти на изведбата на музичарот. Криб и Григори (1999) ги спорeдиле типовите на личност на оркестарските музичари користејќи го инвентарот на личноста на Ајзенк и откриле дека невротичните одлики се почести кај музичари на жичани инструменти, додека танчерите имаат тенденција да бидат поблагородни и помалку се плашат од преземање ризици.

Вуст и сор. (2010) ги споредиле студентите кои студираат класична музика и оние кои студираат ритми во Данска музичка академија. Откриваат дека студентите кои студираат ритам постигнале значително повисоки резултати во категоријата на потрага по сензации отколку оние што студирале класична музика. Од друга страна, кај класичните студенти нивото на вознемиреност е повисоко отколку кај ритмичките студенти. Дополнително, Стил и Јанг (2011) ги спорeдиле типовите на личност на студенти на додипломска музика со студенти на музикотерапија преку примена на Маерс-Бригсов тест за личност (Myers-Briggs Personality Test-MBTI). Откриле дека студентите по музичко образование имаат тенденција да бидат повеќе екстравертни отколку студентите за музичка терапија. Тие исто така изјавиле дека типовите на личност на студенти по музичко образование се идентификувани како екстравертни, интуитивни, емотивни и осудувачки.

Понатаму, Камерон, Дафи и Гленрајт (2014) ги истражувале карактерните црти на поп музичарите (бас гитаристи, тапанари, гитаристи и вокалисти) со користење на Инвентарот на големите пет (The Big Five Inventory–BFI) и откриле дека вокалистите се повеќе екстравертни отколку бас гитаристите.

Интересно е да се напомене дека музичарите отсекогаш биле предмет на истражувачки интерес. Тие биле оценувани врз основа на нивните личносни карактеристики. Личносните карактеристики на индивидуите заинтересирани за визуелните уметности, од друга страна, не биле толку темелно истражувани. Сепак, студиите генерално се фокусирале на односот помеѓу креативноста и психопатолошки карактеристики кај поединци заинтересирани за визуелни уметности.

Кларк и Гип (1989) спровеле истражување со уметници/наставници, кои промовирале обука за визуелни и уметнички перформанси во средните училишта и откриле дека тие поседуваат високо интуитивна и оценувачка личност, но не биле специфично интровертни или екстравертни. Пер и Бејоглу (2011) спорeдиле студенти по математика, уметност (сликари) и општествени науки и откриле дека екстравертноста, интуицијата и просудувањето биле повисоки кај студентите по уметност отколку кај студенти кои студираат математика и општествени науки, според типот на Мајер-Бригс Индикатор.

## МЕТОД

### *Испитаници*

Ова истражување е спроведено на пригоден примерок од 100 (N=100) испитаници од кои 50 испитаници се уметници, а останатите 50 испитаници не се. Испитаниците се на возраст од 25 до 45 години, со просечна возраст од 32,3 години. Во рамките на двете групи, испитаниците се изедначени по пол, односно во двете групи учествуваа по 25 мажи и 25 жени. Во групата на уметници учествувале 14 ликовни уметници, 12 вокалисти, 13 музичари и 11 танчери. Во групата на лица кои не се занимаваат со уметност учествувале 15 административни работници, 15 здравствени работници 9 економисти, 5 правници и 6 лица кои работат во продажба.

### *Инструмент*

За мерење на димензиите на личноста беше употребен The Big Five Inventory (BFI) од John, Donahue & Kentle, 1991 година. Инструментот е преземен од прирачник достапен на интернет (John & Strivastava, 1995) а подоцна е адаптиран на македонски јазик. BFI е стандардизиран инструмент за мерење на петте црти на личноста (според петтофакторскиот модел на личност), а содржи 44 ајтеми, кои се поделени во 5 скали (екстравертност, согласност, совесност, невротицизам и отвореност кон искуства). Екстравертноста и невротицизмот содржат 8 ајтеми; соработливоста содржи 9 ајтеми додека отвореноста кон искуство содржи 10 ајтеми. Се одговара на Ликертова скала од 1 до 5, каде што: (1 – воопшто не се согласувам / 5 потполно се согласувам), а 16 ајтеми се бројат реверзно. Коефициентите за релијабилност се движат во опсег од 0,79 до 0,88. Коефициентите на стандардизирана валидност се движат од 0,90 до 0,94 (John & Strivastava, 1995). Понизок скор означува помала изразеност на одредена личносна црта, а повисок скор означува повисока изразеност. Релијабилноста во ова истражување изнесува 0,70.

### *Постапка*

Истражувањето беше спроведено електорнски (online), односно инструментот беше испратен до испитаниците преку e-mail и преку социјалните мрежи. Учеството во истражувањето беше доброволно, а при испраќањето на линкот од инструментот, на испитаниците им беше објаснето дека истото е анонимно а податоците ќе бидат употребени исклучиво за потребите на ова истражување и нема да се користат за друга намена. Истражувањето беше спроведено во месец април, 2021 година, а одговарањето на инструментот траеше околу 15 минути.

### *Хипотеза*

Дефинирањето на хипотезата во ова истражување произлезе од проучувањето на релевантните истражувања кои ја испитуваат разликата помеѓу уметниците и лицата кои не се занимаваат со уметност во однос на цртите на личноста. Со оглед на тоа дека повеќето истражувањата потврдуваат дека постои разлика меѓу нив, основната хипотеза за истражувачкиот проблем гласи:

*„Уметниците имаат повисоко истакната екстраверзија и отвореност кон искуства од лицата кои не се занимаваат со уметност, а во однос на согласноста, совесноста и невротицизмот не постојат значајни разлики помеѓу двете групи“.*

***Резултати***

Во продолжение се прикажани резултатите на испитаниците за испитуваните варијабли. За тестирање на истражувачката хипотеза користени се мерки на централна тенденција, мерки на варијабилност и t-тест за значајност на разлики помеѓу аритметичките средини кај двете испитувани групи. Добиените податоци беа статистички обработени во програмата SPSS-26.

| | N | Min | Max | M | SD | Shapiro – Wilk (statistic) | Shapiro – Wilk (p) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Екстравертност | 50 | 18 | 39 | 29,76 | 5,02 | 0,972 | 0,283 |
| Согласност | 50 | 23 | 45 | 35,08 | 5,01 | 0,980 | 0,563 |
| Совесност | 50 | 19 | 45 | 35,88 | 6,61 | 0,946 | 0,004 |
| Невротицизам | 50 | 8 | 36 | 22,72 | 7,02 | 0,971 | 0,251 |
| Отвореност кон искуства | 50 | 31 | 50 | 41,18 | 4,76 | 0,970 | 0,223 |

*Табела 1. Дескриптивни статистици за варијаблите екстравертност, согласност, совесност, невротицизам и отвореност кон искуства кај уметници*

Во табела 1 се прикажани резултатите од тестирањето на варијаблите во однос на опсегот на скорови, просечната вредност, стандардното отстапување и Шапиро – Вилк тестот за нормалност на дистрибуциите кај лицата кои се занимаваат со уметност.

Опсегот на скорови за варијаблата екстравертност се движи од 18 до 39. Аритметичката средина изнесува M=29,76, а SD=5,02. Опсегот на скорови за варијаблата согласност се движи од 23 до 45. Аритметичката средина изнесува M=35,08 а SD=5,01. Опсегот на скорови за варијаблата совесност се движи од 19 до 45. Аритметичката средина изнесува M=35,88, а SD=6,61. Опсегот на скорови за варијаблата невротицизам се движи од 8 до 36. Аритметичката средина изнесува M=22,72, а SD=7,02. Опсегот на скорови за варијаблата отвореност кон искуства се движи од 31 до 50. Аритметичката средина изнесува M=41,18, а SD=4,76.

Според Шапиро–Вилк тестот, нормално дистрибуирани се варијаблите екстравертност каде што $W = 0,972$, $p > 0,05$, согласност каде што $W = 0,980$, $p > 0,05$, невротицизам каде што $W = 0,971$, $p > 0,05$ и отвореност кон искуства каде што $W = 0,970$, $p > 0,05$. Варијаблата совесност каде што $W = 0,946$, $p < 0,05$ не е нормално дистрибуирана.

| | N | Min | Max | M | SD | Shapiro – Wilk (statistic) | Shapiro – Wilk (p) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Екстравертност | 50 | 16 | 40 | 27,64 | 5,68 | 0,975 | 0,362 |
| Согласност | 50 | 18 | 44 | 36,04 | 4,92 | 0,926 | 0,004 |
| Совесност | 50 | 21 | 45 | 36,44 | 6,65 | 0,898 | 0,000 |
| Невротицизам | 50 | 12 | 38 | 23,12 | 6,55 | 0,974 | 0,326 |
| Отвореност кон искуства | 50 | 21 | 43 | 32,40 | 4,66 | 0,987 | 0,867 |

*Табела 2. Дескриптивни статистици за варијаблите екстравертност, согласност, совесност, невротицизам и отвореност кон искуства кај лицата кои не се занимаваат со уметност*

Во табела 2 се прикажани резултатите од тестирањето на варијаблите во однос на опсегот на скорови, просечната вредност, стандардното отстапување и тестот за нормалност на дистрибуциите кај лицата кои не се занимаваат со уметност.

Опсегот на скорови за варијаблата екстравертност се движи од 16 до 40. Аритметичката средина изнесува M=27,64, а SD=5,68. Опсегот на скорови за варијаблата согласност се движи од 18 до 44. Аритметичката средина изнесува M=36,04, а SD=4,92. Опсегот на скорови за варијаблата совесност се движи од 21 до 45. Аритметичката средина изнесува M=36,44, а SD=6,65. Опсегот на скорови за варијаблата невротицизам се движи од 12 до 38. Аритметичката средина изнесува M=23,12, а SD=6,55. Опсегот на скорови за варијаблата отвореност кон искуства се движи од 21 до 43. Аритметичката средина изнесува M=32,40, а SD=4,66.

Според Шапиро – Вилк тестот, нормално дистрибуирани се варијаблите екстравертност каде што $W = 0,975$, $p > 0,05$, невротицизам каде што $W = 0,974$, $p > 0,05$ и отвореност кон искуства каде што $W = 0,987$, $p > 0,05$. Варијаблите согласност каде што $W = 0,926$, $p < 0,05$ и совесност каде што $W = 0,898$, $p < 0,05$ не се нормално дистрибуирани.

***Наоди од тестираната хипотеза***

| | | N | M | SD | df | t | p |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Екстравертност | Уметници | 50 | 29,76 | 5,025 | 98 | 1,977 | 0,05 |
| | Лица кои не се занимаваат со уметност | 50 | 27,64 | 5,681 | | | |
| Согласност | Уметници | 50 | 35,08 | 5,010 | 98 | -0,966 | 0,34 |
| | Лица кои не се занимаваат со уметност | 50 | 36,04 | 4,924 | | | |
| Совесност | Уметници | 50 | 35,88 | 6,614 | 98 | -0,422 | 0,67 |
| | Неуметници | 50 | 36,44 | 6,652 | | | |
| Невротицизам | Уметници | 50 | 22,72 | 7,022 | 98 | -0,294 | 0,76 |
| | Лица кои не се занимаваат со уметност | 50 | 23,12 | 6,555 | | | |
| Отвореност кон искуства | Уметници | 50 | 41,18 | 4,762 | 98 | 9,318 | 0,00 |
| | Лица кои не се занимаваат со уметност | 50 | 32,40 | 4,660 | | | |

*Табела 3. Разлики помеѓу уметници и лица кои не се занимаваат со уметност во однос на цртите на личноста: екстравертност, согласност, совесност, невротицизам и отвореност кон искуства.*

Во табела 3 се прикажани резултатите од тестирањето на разликите помеѓу уметниците и лицата кои не се занимаваат со уметност во однос на петте црти на личноста: екстравертност, согласност, совесност, невротицизам и отвореност кон искуства. Во однос на екстравертноста, пронајдена е статистички значајна разлика ($t(98)= 1,977$, $p<0,05$), односно уметниците имаат поистакната екстравертност за разлика од лицата кои не се занимаваат со уметност. Исто така, и кај отвореноста кон искуства пронајдена е статистички значајна разлика ($t(98)= 9,318$, $p<0,01$), односно уметниците имаат поистакната отвореност кон искуства за разлика од лицата кои не се занимаваат со уметност. Не е пронајдена статистички значајна

разлика во однос на согласноста ($t(98)= -0,966$, $p>0,05$), совесноста ($t(98)= -0,422$, $p>0,05$) и невротицизмот ($t(98)= -0,294$, $p>0,05$) помеѓу уметниците и лицата кои не се занимаваат со уметност.

Согласно добиените наоди, истражувачката хипотеза *„Уметниците имаат повисоко истакната екстраверзија и отвореност кон искуства од лицата кои не се занимаваат уметност, а во однос на согласноста, совесноста и невротицизмот не постојат значајни разлики помеѓу двете групи“* **е потврдена.**

## ЗАКЛУЧОК

Трудот беше насочен кон добивање на наоди за тоа, каква е личноста или кои црти на личност се доминантни кај уметниците во однос на лицата кои не се занимаваат со уметност. Целта беше да се увиди дали постојат разлики помеѓу овие две групи. Идејата според која отвореноста кон искуства и екстравертноста се поистакнати кај уметниците е поддржана во литературата. Мета-анализата на Феист (1998) го даде можеби најсилното образложение за важноста на оваа врска, особено во однос на разликата помеѓу креативните наспроти некреативните научници и уметниците наспроти не-уметниците. Во мета анализата на Феист (1998) пронајдено е дека личносните димензии се во особена поврзаност со креативноста, а посебно отвореноста кон искуства и екстравертноста кои се пронајдени како поистакнати кај уметници за разлика од оние кои не се уметници. И според Кауфман и сор. (2014) отвореноста кон искуства и екстравертноста се поистакнати кај уметниците наспроти останатата испитана група научници, односно отвореноста кон искуства и екстравертноста подобро ја предвидуваат креативноста кај уметниците, а кај научниците интелигенцијата е подобар предиктор за разлика од личносните црти. Резултатите добиени во ова истражување, според кои отвореноста кон искуства и екстравертноста се поситакнати личности црти кај уметниците наспроти лицата кои не се занимаваат со уметност, се во согласност со горенаведените истражувања. Истражувачката хипотеза беше потврдена.

Сепак ова истражување има и одредени недостатоци. Истражувањето е спроведено врз недоволно голем примерок на испитаници, а истовремено истиот не е репрезентативен за целата популација, па оттука резултатите не можат да се генерализираат надвор од испитуваната група.

Како препорака за следни истражувања, би било добро да се спроведат слични истражувања, во кои би се опфатиле поголеми групи на испитаници, како и според интервалот на занимавање со уметнички активности. Имено, би можело да опфаќа испитаници кои практикуваат уметнички активности 2, 4 или 7 пати во неделата. Ова би помогнало за да се утврдат не само разликите помеѓу групата на лица кои се занимаваат со уметнички активности, туку и поврзаноста на секоја од групите со варијаблите екстравертност, согласност, совесност, невротицизам и отвореност кон искуства. Ваков тип на истражувања би можеле да се прошират и со вметнување на нови варијабли како креативност и интелигенција со цел да се увиди поврзаноста со личноста.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**


1. Booker, B. B., Feam, M., & Francis, L. J. (2001). The personality profile of artists. The Irish Journal of Psychology, 22(3-4), 277-281.
2. Cameron, J.E., Duffy, M., & Glenwright, B. (2014). Singers take center stage! Personality traits and stereotypes of popular musicians. Psychology of Music, 1–13. https://doi.org/10.1177/0305735614543217
3. Clarke, J. R., & Gipe, J. P. (1989). Psychological characteristics, teaching beliefs and teaching behaviors of artist/teachers. Paper presented at the Annual Meeting of NETWORK: Washington D.C., October 1989. https://eric.ed.gov/?id=ED314383
4. Cribb, C., & Gregory, A.H. (1999). Stereotypes and personalities of musicians. The Journal of Musicans,133(1), 104-114. https://doi.org/10.1080/00223989909599725
5. Chamorro-Premuzic, T., Reimers, S., Hsu, A. & Ahmetoglu, G. (2008). Who art thou? Personality predictors of artistic preferences in a large UK sample: The importance of openness. British Journal of Psychology, 0(0), 1–16. doi: BJP 648—12/9/2008—RAJADURAI—306767
6. Costa, P. T., & McCrae, R. R. (1992). Revised NEO Personality Inventory (NEO PI-R): Professional Manual. Odessa: Psychological Assessment Resources, Inc.
7. Dixon, R. M. W. (1977). Where have all the adjectives gone? Studies in Language, 1, 19-80.
8. Drevdahl, J. E., & Cattell, R. B. (1958). Personality and creativity in artists and writers. Journal of Clinic Psychology, 14(2), 107-111. https://doi.org/10.1002/10974679%28195804%2914:2%3C107::AID-JCLP2270140202%3E3.0.CO;2-T
9. Dutta, R. D. (1996). Personality model of fine artists. Creativity Research Journal, 9(4), 391-394. https://doi.org/10.1207/s15326934crj0904_10
10. Dyce, J. A., & O'Connor, B. P. (1994). The personalities of popular musicians. Psychology of Music,22, 168-173. https://doi.org/10.1177/0305735694222006
11. Eiduson, B. T. (1957). Artist and Non-artist: A Comparative Psychological Study. Unpublished doctoral dissertation. LA: University of California.
12. Feist, G. J. (1998). A meta-analysis of personality in scientific and artistic creativity. Personality and Social Psychology Review,2(4), 290-309. https://doi.org/10.1207/s15327957pspr0204_5
13. Funder, D. C. (1997). The personality puzzle. New York: W. W. Norton & Company.
14. John, O. P., & Strivastava, S. (1995). The Big-Five trait taxonomy: History, measurement, and theoretical perspectives. In L. A. Pervin & O. P. John (Eds.), Handbook of personality: Theory and research (Vol. 2, pp. 102–138). New York: Guilford Press.
15. Јанаков, Б. (2018). Основи на персонологијата 1. Скопје: Филозофски факултет.
16. Јанаков, Б. (2018). Основи на персонологијата 2. Скопје: Филозофски факултет.
17. Haslam, N. (2007). Introduction to personality and intelligence. Los Angeles: Sage Publications.
18. Kaufman, S. B., Quilty, L. C., Grazioplene R. G., Hirsh, J. B., Gray, J. R., Peterson, J. B., & DeYoung, C. G. (2016). Openness to Experience and Intellect Differentially Predict Creative Achievement in the Arts and Sciences. Journal of Personality, 84 (2), 248 – 258.

19. Kemp, A. E. (1996). The musical temperament: Psychology and personality of musicians. US: Oxford University Press. https://doi.org/10.1093/acprof:oso/9780198523628.001.0001
20. Михајловски, З. (2010). Особини на личност кај поединци професионално определени за музичка уметност. Скопје: Необјавена докторска дисертација.
21. Pervin, L. A. & John, O.P. ( Eds.) Handbook of personality: Theory and research (2rd ed.). New York: Guilford, 1999.
22. Per, M., & Beyoğlu, A. (2011). Personality types of students who study at the departments of numeric, verbal and fine arts in education faculties. Procedia Social and Behavioral Sciences, 12, 242–247. https://doi.org/10.1016/j.sbspro.2011.02.032
23. Steele, A. L., & Young, S. (2011). A descriptive study of Myers-Briggs personality types of professional music educators and music therapists with comparisons to undergraduate majors. Journal of Music Therapy, 48(1), 55-73. https://doi.org/10.1093/jmt/48.1.55
24. Sternberg, R. J. (2006). The Nature of Creativity. Creativity Research J0urnal, 18(1), 87-97.
25. Серафимовска, Е. и Марковиќ, М. (2013). Опис на тестот НЕО ПИ-3. Годишник на ИСППИ, 37(1), 9-15.
26. Vuust, P., Gebauer, L., Hansen, N. C., Jorgensen, S. R., Moller, A., & Linnet, J. (2010). Personality influences career choice: Sensation seeking in professional musicians. Music Education Research, 12(2), 219-230. https://doi.org/10.1080/14613801003746584